## ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО ЗБИРНО ПАКУВАЊЕ (наменети за продажба на големо или во објекти за јавна исхрана)

### *СЕ ОЗНАЧУВААТ СО СЛЕДНИТЕ ПОДАТОЦИ:*

- Името под кое се продава производот;
- Количество одредени состојки или категории состојки употребени во производниот процес;
- Нето-тежина;
- Рок на траење.



## ВАЖНО Е ДА ЗНАЕТЕ ДЕКА:

**Означувањето** на храната го вршат ***операторите*** со храна.
Тие се должни на пакувањето на храната, наменета за ставање во промет, означувањето да го направат на начин кој е лесно разбирлив и во согласност со законските и подзаконските прописи:

**Законот за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр.157/2010)**

- **Правилникот** за начинот на означувањето на храната (Сл. Весник на РМ бр. 118/05) - општи податоци за означување.
- **Правилниците за посебните барања** на одделни видови прехранбени производи - посебни податоци за означување.
- **Законот за заштита на потрошувачите** (Сл. Весник на РМ бр. 38/04, бр. 77/07, бр. 24/11) - член 23 (општа обврска за податоците за декларирање на производите и основ секој надлежен орган да пропише законски и подзаконски прописи што ќе ги заштитуваат интересите на потрошувачите).

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО
info
02 2457 893
02 2457 895
III Македонска бригада, бр. 20, Скопје
Тел. 02 2457 893, 2457 895
www.fva.gov.mk

ОПМ
**Организација на потрошувачите на Македонија**
Водњанска, 6б, П. Фах 150, Скопје
Тел. 02 3179 592
e-mail:opm@opm.org.mk
www.opm.org.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# ЗДРАВЈЕТО Е ВАЖНО!

## КАКВИ ИНФОРМАЦИИ ТРЕБА ДА СОДРЖИ ОЗНАЧУВАЊЕТО НА ХРАНАТА?



ОПМ

## ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ КОИШТО СЕ ПАКУВАНИ ТРЕБА ДА БИДАТ ОЗНАЧЕНИ.

## ВАША ОБВРСКА Е ДА ГО ПРОЧИТАТЕ ОЗНАЧУВАЊЕТО ПРЕД ДА ГО КУПИТЕ ПРОИЗВОДОТ!

Означувањето претставува ставање ознаки на храната или на нејзиното пакување во вид на слики, цртеж, симболи или текст преку пишување, отпечатување, втиснување, вметнување, отсликување, цртање или друг начин во прилог на пакувањето, вклучувајќи и етикети, маркички и налепници или кој било друг начин на означување.

## *ШТО Е ВАЖНО ДА ЗНАЕТЕ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕТО НА ПРОИЗВОДИТЕ*

## ОЗНАЧУВАЊЕТО НЕ СМЕЕ ДА ВЕ ДОВЕДЕ ВО ЗАБЛУДА

- Преку означувањето на производите се добиваат корисни информации. Доколку внимателно го прочитате, ќе дознаете повеќе за храната што ја купувате и на тој начин ќе избегнете храна и состојки на храната на кои сте чуствителни и влијаат врз вашата здравствена состојба. Доколку, пак, наидете на производ со изминат рок, должни сте веднаш да го пријавите на местото на купување и да ја известите Агенцијата за храна и ветеринарство.



- Ознаките на производот треба да бидат читливи и напишани така што потрошувачите ќе можат да ги видат, нескриени од други ознаки (налепници за цени и слично).

## ОЗНАЧУВАЊЕТО ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИВЕ ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

- Името под кое се продава производот;
- Список на состојките кои се употребени во производниот процес или при преработката на прехранбениот производ;
- Количество одредени состојки или категории состојки употребени во производниот процес;
- Нето-тежина;
- Рок на траење;
- Специфични услови за складирање и услови за употреба;
- Серија (шаржа, партија, лот);
- Име и адреса на производителот и увозникот;
- Земја на потекло и извор на производот;
- Упатство за употреба;
- Содржина на алкохол за пијалаци кои содржат повеќе од 1,2 vol. проценти алкохол.




## ШТО ДРУГО ТРЕБА ДА СЕ ИСТАКНЕ ВО ОЗНАЧУВАЊЕТО

- Конзервирано со јонизирачко зрачење;
- Пакувано во контролирана атмосфера;
- Органско потекло;
- Генетски модифициран;
- Состојки кои предизвикуваат алергии кај луѓето;
- Додавање засладувачи;
- Нутритивен состав;



## ДОПОЛНИТЕЛНИ И КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ НАЈДАТ НА ПРОИЗВОДОТ

- Телефонски број на производителот, увозникот, дистрибутерот за дополнителни информации;
- Ракување со производот, чување, одложување, рециклирање и слично;
- Ознаки кои се однесуваат на начинот на производство (произведено со фер-трговија, награди од независни тест-лаборатории, потписници на кодекси и слично).